

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2024 ГОДИНА

QUEER CENTER

**Издавач**
Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР ЦЕНТАР Скопје

**За издавачот**
Давид Тасевски, извршен директор

**Автори**
Давид Тасевски, Ивана Костовска, Мартин Тасевски, Петар Стојковиќ

**Уредник**
Петар Стојковиќ

Скопје, април 2025 г.

**Контакт:**
Здружение за сексуални и родови малцинства КВИР ЦЕНТАР Скопје
адреса: ул. „Никола Тесла“ бр. 2/1-10, Скопје, Република Северна Македонија
телефон: 076 480 123; е-пошта: info@skc.mk; веб-сајт: skc.mk

Ова дело е лиценцирано под лиценца *Creative Commons Attribution 4.0 International*.

# СОДРЖИНА


ГОДИШНО СОБРАНИЕ 4

СОРАБОТКА 4

ПРОЕКТИ 5

ЦЕНТАР ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЛГБТИ+ ЛУЃЕ 7

НАЦИОНАЛНА ЛГБТИ+ ЛИНИЈА 8

ПРАВЕН СЕРВИС 9

ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ 9

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 10

# ГОДИШНО СОБРАНИЕ

## 11. ГОДИШНО СОБРАНИЕ

На 11. годишно собрание на здружението, кое се одржа во седиштето во Скопје на 17 јуни 2024 година, беа донесени следните одлуки:

- Се усвои годишниот наративен и финансиски извештај за 2023 година;[1]
- Се реизбра Давид Тасевски за извршен директор на здружението.

# СОРАБОТКА

## ЗАЈАКНАТА СОРАБОТКА СО ОЈО СКОПЈЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА

Во текот на изминатата година, Скопскиот Квир Центар постигна значаен успех во застапувањето за поефикасно процесирање на кривичните дела од омраза и дискриминација. Како директен резултат на иницијативата на Скопскиот Квир Центар, поддржана и од Советот на Европа, за формирање мрежа за потесна соработка меѓу граѓанскиот сектор и јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство Скопје (ОЈО Скопје) за првпат во своето работење назначи јавен обвинител специјално задолжен за оваа проблематика.[2]

Јавната обвинителка Емилија Мизо Димков од ОЈО Скопје е номинирана да го следи постапувањето по предметите поврзани со кривични дела од омраза и дискриминација и да остварува директен контакт со пријавителите и невладините организации кои ги застапуваат интересите на оштетените лица. Овој чекор претставува клучен напредок во институционалниот одговор на делата од омраза и овозможува поефикасна комуникација и соработка, со цел обезбедување правда за жртвите и зајакнување на системот за заштита.

[1] Скопски Квир Центар 2024, *Финансиски извештаи*, консултиран на 08/04/2024, https://bit.ly/43J4nHp
[2] Скопски Квир Центар 2024, *Основното јавно обвинителство Скопје постави обвинителка за соработка меѓу граѓанскиот сектор и обвинителството за предмети за дела од омраза*, консултиран на 08/04/2025, https://bit.ly/3xiY4MF

# ПРОЕКТИ

| Донатор | Почетен и краен датум | Вкупен буџет | Краток опис на проектот |
|---|---|---|---|
| **Outright International** | 15.11.2024 – 14.11.2025 | 25,000 USD | Проектот „Зајакнување на економската отпорност и егзистенција на ЛГБТИК+ лицата“ има за цел да ги подобри можностите за вработување и финансиската стабилност на ЛГБТИК+ лицата во Северна Македонија преку поддршка при барање работа, партнерства со приватниот сектор и иницијативи за градење капацитети. Клучните активности вклучуваат проширување на Националната ЛГБТИ+ линија за да обезбеди ресурси поврзани со вработувањето, обука на вработените и корисниците на Центарот за привремено сместување за подготвеност за работа и застапување за инклузивни политики за вработување. Проектот исто така се фокусира на зајакнување на капацитетите на Квир Центарот Скопје преку стратешки партнерства, собирање средства и ангажирање на заедницата за да се обезбеди долгорочна одржливост. |
| **National Democratic Institute (NDI)** | 01.06.2024 – 31.05.2025 | 35,000 USD | Проектот има за цел да ја унапреди брачната еднаквост за ЛГБТИ+ лицата во Северна Македонија преку спроведување компаративна правна анализа, изготвување предлог-закон, вклучување на засегнатите страни и подигање на јавната свесност преку видео кампања. Исто така, вклучува активности за јакнење на капацитетите на Квир Центар Скопје, како што се мапирање на донатори, обука за пишување предлог-проекти, стратешко планирање, поддршка за ментално здравје и тим билдинг работилници. Овие напори имаат за цел да создадат поинклузивна законска рамка, да го зајакнат застапувањето и да ја подобрат одржливоста на организацијата. |
| **Општина Карпош** | 01.05.2024 – 31.08.2024 | 100,000 MKD | Психосоцијална поддршка на жртви на насилство и дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | 18.04.2024 – 17.10.2024 | 300,000 MKD | Проектот „Безбедноста започнува со тебе“ има за цел да ја подигне свеста за сѐ поактуелните општествени прашања како врсничкото насилство и родово базираното насилство, кои често резултираат со човечки жртви. Главната цел на проектот е да промовира |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | побезбедно, поотпорно и поинклузивно општество. |
| **Овој проект е дел од шемата за регрантирање „Заедничка акција за човекови права“, во рамките на проектот „Човекови права во практиката“ кој го имплементира Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, а е финансиран од Европската унија** | 10.07.2023 – 10.01.2024 | 8,700 EUR | Целта на проектот е продолжување на застапувањето за еднакви човекови права на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија преку зголемено учество на надлежните државни институции. Главната проектна активност е мониторинг на состојбата со говорот на омраза, дискриминацијата, заканите, и насилството кон ЛГБТИ+ луѓето во социјалните, електронските и традиционалните медиуми во Република Северна Македонија. |

# ЦЕНТАР ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЛГБТИ+ ЛУЃЕ

Специјализираното советувалиште, кое започна со работа од 2021 година, обезбедува квалитетни и бесплатни услуги за ЛГБТИ+ луѓето во Република Северна Македонија. Скопски Квир Центар ги нуди следните услуги:

**Психолошко советување и психотерапија**

Психотерапијата е третман заснован на разговор помеѓу психотерапевтот и клиентот, кој има цел да ја подобри благосостојбата и менталното здравје на една личност, да ги елиминира или контролира вознемирувачките симптоми, емоционалните тешкотии или растројствата. Психотерапевтот обезбедува поддржувачка средина, која му дозволува на клиентот да зборува отворено за причините поради кои смета дека има потреба од советување или психотерапија. Психотерапијата, на клиентот му помага да научи, на кој начин да одговори на предизвикувачките ситуации со здрави вештини за справување.

**Групна психотерапија**

Групната терапија е форма на психотерапија која вклучува еден или повеќе терапевти кои работат со неколку луѓе истовремено. Групната терапија, исто така, нуди безбедно прибежиште и овозможува поддршка и охрабрување од другите членови на групата. Луѓето кои учествуваат во групата можат да видат дека и другите членови минуваат низ истите предизвици и проблеми, што им помага во поврзување и во пронаоѓање уникатно решение преку искуствата на другите. Набљудувајќи како некој успешно се справува со проблем, другите членови на групата можат да видат дека има надеж за закрепнување, а напредокот може да послужи како пример и поддршка.

**Психосоцијална поддршка на терен**

Со оглед на ограничениот пристап до сервиси кои нудат социјални услуги за луѓето кои не живеат во Скопје и околината, се наметнува потребата од психосоцијална поддршка на терен, што подразбира тим од психолог и социјален работник, кој своите услуги ги нуди на целата територија на Република Северна Македонија. Клиентите, овие услуги може да ги добијат со повик на телефонскиот број на центарот, а тие вклучуваат: психолошко советување, придружба до релевантни институции, помош при вадење на лични документи и помош при отворање и водење на случаи на насилство или дискриминација.

**Придружување од социјален работник**

Придружувањето на клиентите до релевантните институции е со цел остварување на нивните права од социјална заштита, кои подразбираат права на парична помош и социјални услуги што се обезбедуваат преку системот на социјална заштита; помош при остварување на правото на здравствена заштита и помош при вадење на лични документи. Под оваа услуга се подразбира и придружување при пријавување на случај на родовобазирано и семејно насилство во надлежните институции како центри за социјална работа и полиција.

**Правна помош**

Во соработка со адвокати и правници ангажирани од Квир Центар, нудиме сеопфатни услуги на правно советување и информирање, правна помош, и застапување, за лезбијки, геј-мажи, бисексуални, трансродови и интерполови луѓе. Областите на потесна специјалност на услугите на правна поддршка и советување се поврзани со: дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, кривични дела од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, барање на азил и привремена заштита поради прогон врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, родовобазирано насилство, и склучување истополови партнерства/бракови во странски земји.

**Информирање и упатување**

Оваа услуга подразбира упатување на клиентите до релевантни институции кои се надлежни за решавање на проблемот за кој се обраќаат кај нас и информирање на клиентите за нивните права и остварување на истите.

## РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ НИЗ БРОЈКИ

Во 2024 година се регистрирани вкупно **16 клиенти**, корисници на некоја од услугите за психосоцијална и правна поддршка за ЛГБТИ+ луѓе што ги нуди Квир Центар. Евидентирани се **8 нови** и **8 постојни** клиенти во центарот, а според родова дистрибуција тоа се 9 мажи и 7 жени. Според целната група, од клиентите 7 лица се геј-мажи, 6 се лезбијки, 2 се бисексуалци, и 1 лице е транс.

Клиентите оствариле вкупно **43 посети на центарот**: од нив 11 советувања со социјален работник и 32 советувања со психотерапевт/советувач.

# НАЦИОНАЛНА ЛГБТИ+ ЛИНИЈА

Националната линија за помош на ЛГБТИ+ лица, која е отворена во август 2020, со помош на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, до крајот на 2024 година бележи **234 повици** од **134 клиенти**.

На националната ЛГБТИ+ линија можат да се јават ЛГБТИ+ лица од сите возрасти, нивните семејства, пријатели, но и стручни тимови од училиштата и центрите кои имаат контакт со ЛГБТИ+ лица, или млади кои се чувствуваат збунето во врска со нивната сексуална ориентација или родов идентитет. ЛГБТИ+ лицата од целата територија на државата, можат анонимно, без споделување на нивниот идентитет, да добијат поддршка, помош или советување.

Советувачите се стручни лица (социјални работници, психолози, психотерапевти), со поминат тренинг за работа со ЛГБТИ+ лица и телефонско советување, кои обезбедуваат безбедна средина за лицата кои се јавуваат.

# ПРАВЕН СЕРВИС

Презентираме краток преглед на работата на правниот сервис во 2024 година:

- Во два случаи од поднесените претставки од Квир Центар, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** утврди вознемирување, повикување, поттикнување и/или инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет.
- **Советот за етика во медиумите на Македонија** во пет жалби од Квир Центар најде отстапување од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и/или во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, а три се решени со медијација.
- Скопскиот Квир Центар поднесе 63 кривични пријави до **Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија** за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем. Две кривични пријави беа отфрлени, а за останатите сè уште чекаме одговор.
- Добивме една првостепена пресуда од Основен кривичен суд Неготино.

# ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

## ФОРМИРАНА МРЕЖА ЗА СОРАБОТКА И ДИЈАЛОГ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

На иницијатива на Квир Центар во соработка со Основното јавно обвинителство Скопје, на 4 декември 2024 се конституираше мрежата на граѓански организации и институции која ќе соработува со назначената јавна обвинителка Емилија Мизо Димков од ОЈО Скопје во справувањето со говорот на омраза. Реализацијата на настанот беше овозможена со поддршка од заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа „Horizontal Facility III“, а во рамките на акцијата „Справување со омразата и нетолеранцијата во Северна Македонија“.

## АНАЛИЗА НА ПРАВНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСТОПОЛОВИТЕ ПАРТНЕРСТВА

Квир Центар ја објави компаративната студија на европските законодавства во врска со регулирањето на истополовите партнерства, изработена од проф. д-р Елена Михајлова-Стратилати. Студијата обезбедува детална анализа на правното признавање и правата на истополовите партнери во Европа, вклучувајќи ја и релевантната јуриспруденција на Европскиот суд за човекови права. Оваа анализа ќе биде од клучно значење за информирање на идните законски решенија и за развивање стратегии за унапредување на правата на ЛГБТК+ луѓето во Северна Македонија, особено во контекст на отсуството на правно признавање на истополовите бракови. Публикацијата е достапна за преземање на нашиот сајт.

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

## КВИР ЦЕНТАР ВО МЕДИУМИТЕ

Во извештајниот период, Квир Центар оствари уште една значајна победа во борбата за правата на ЛГБТК+ заедницата, која беше проследена и во медиумите. Основниот суд во Неготино на 15 март 2024 година донесе прва осудителна пресуда за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација. По кривична пријава поднесена од Квир Центар, лицето С.М. беше прогласено за виновно за „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ поради објавување коментари со говор на омраза кон ЛГБТК+ заедницата на социјалната мрежа Фејсбук. Судот му изрече условна казна затвор од една година. Квир Центар ја поздрави оваа историска пресуда, која претставува важен чекор кон создавање побезбедна средина за ЛГБТК+ луѓето во земјата.[3]

Квир Центар беше споменат во медиумите во врска со уште една значајна иницијатива. На наше барање, Основното јавно обвинителство Скопје назначи јавна обвинителка, Емилија Мизо Димков, која ќе биде задолжена за следење на постапувањето во предметите за кривични дела од омраза и дискриминација. Ова е првпат ОЈО Скопје да назначи обвинител со вакви ингеренции.[4] Квир Центар иницираше и формирање мрежа од невладини организации за потесна соработка со обвинителството во овие предмети, со поддршка од Советот на Европа, што претставува важен чекор кон поефикасно справување со делата од омраза.

## КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ СВЕСНОСТ

Во декември 2024 година, Квир Центар спроведе активност за подигнување на јавната свест преку продукција на видео за ЛГБТК+ прашањата. Во соработка со сторителинг студиото „Види Вака“, беше креирано видео кое се фокусира на важноста од правно признавање на истополовите партнерства во Северна Македонија. Во видеото зборуваше правната експертка проф. Елена Михајлова-Стратилати, која ги презентираше клучните наоди од нејзината анализа за правното признавање на истополовите партнерства, нагласувајќи го недостатокот од такво признавање во земјата и потребата од него. Проф. Михајлова-Стратилати се осврна на глобалниот тренд на правно признавање, обврската на Северна Македонија според Европскиот суд за човекови права, како и на практичните импликации од непризнавањето. Видеото беше промовирано преку повеќеплатформска кампања на социјалните медиуми (Facebook, Instagram, TikTok и YouTube), достигнувајќи стотици илјади прегледи. И покрај позитивниот одзив, кампањата предизвика и коментари со говор на омраза, што ја истакнува потребата од континуирани напори за едукација и подигнување на свеста за правата на ЛГБТК+ заедницата.

---

[3] Индексирани резултати од агрегаторот на медиумски содржини TIME.MK за изречената казна затвор од една година во првата осудителна пресуда во Република Северна Македонија за говор на омраза врз основа на сексуална ориентација, консултиран на 08/04/2025, https://bit.ly/4jfGtHK

[4] Индексирани резултати од агрегаторот на медиумски содржини TIME.MK за назначувањето на јавната обвинителка Емилија Мизо Димков од ОЈО Скопје за соработка меѓу граѓанскиот сектор и обвинителството за предмети за дела од омраза, консултиран на 08/04/2025, https://bit.ly/4iSPeYC

